УДК 37.043.1-055.2(497.775)"18"
УДК 929Јанчулева, Е.
прегледен труд

# ЕВГЕНИЈА ЈАНЧУЛЕВА ИЛИ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ЖЕНИ ВО XIX ВЕК

**д-р Славчо Ковилоски**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Институт за македонска литература, Скопје

**Клучни зборови**: Евгенија Јанчулева, македонски жени, XIX век, женско прашање, Прилеп, борба за еманципација на жените
**Keywords**: Evgenija Janchuleva, Macedonian women, 19th century, the woman question, Prilep, emancipation of women

Познато е дека македонската жена во XIX век го живеела секојдневјето на балканската жена. Првенствено, таа била врзана со фамилијата, односно со заедницата во која живеела. Обврските на мажите околу домаќинството се однесувале на сточарството, земјоделството, пазарот и трговијата, печалбарството, па оттаму сите нивни активности се одвивале надвор од ѕидовите на домот. За разлика од нив, на Македонките им припаѓало водењето на домашните работи. Никола Киров Мајски во своите *Спомени* за својата мајка запишал дека функционирањето на целото семејство било „плод на нејзиниот труд и на нејзините грижи“[1]. Оваа негова забелешка во голема мера може да се употреби речиси за секоја македонска жена и мајка. Покрај тоа што била „чуварка“ и „заштитничка“ на домот, таа истовремено била чуварка и заштитничка на фолклорот, односно на народното творештво. Благодарение на народните пејачки Дафина од Просеник, Депа Каваева, Дафа Цепенкова, Ѓурѓа Котева, Цвета Мазнеова и другите, запишувачите на народни умотворби зачувале голем материјал од македонското фолклорно наследство. Без разлика на тоа каде живееле, на село или во град, нивната главна обврска била да го чуваат и да го зачуваат востановениот патријархален ред.

[1] Никола Киров Мајски, *Страници од мојот живот*, Култура, Скопје, 1994, 9.

Поголеми промени во овој однос се случиле со силните просветителски процеси, кои од западноевропските земји продреле и на почвата на Македонија. Благодарение на сознанието дека жените не треба да бидат исклучени од дневнополитичките и културните настани и тенденции, биле отворени повеќе женски училишта во поголемите македонски градови: Велес, Прилеп, Солун, Охрид, Скопје итн.

Појавата и развојот на првото женско училиште во Прилеп е тесно поврзано со просветната дејност на прилепската црковно-училишна општина. Успевајќи да го постават народното училиште на здрави нозе, општинарите се ангажирале и за отворање на женско училиште во градот. Просветата на жените била особено значајна, бидејќи „потребно е да знаат жените што се случува во светот“[2]. Како што забележал и еден од управителите на прилепските училишта и учител во Солун, Јордан Бомбол, „голема заблуда беше мислењето дека просветата треба да се дава не на женскиот пол, а само на машкиот. Денес сите се убедени во спротивното“[3].

Голема заслуга за отворањето на првото женско училиште во Прилеп има учителката Недела Петкова Караиванова. Во *Спомените* на Петкова стои дека по настојување на бугарскиот учител од Свиштов, Васил Манчев, таа заминала за учителка во Македонија во летото 1865 година[4]. Таа посетила повеќе познати прилепски фамилии, нудејќи им ги своите учителски услуги и убедувајќи ги во исправноста за образување на девојчињата. Сето ова повлијаело со голем ентузијазам да се подготви и да започне со работа првото женско училиште во Прилеп. Првата година женското училиште имало успех. Задоволството на прилепчани од постигнатите одговори на годишните испити влијаело тие да ја договорат Петкова и за следната 1866/67 учебна година. Било донесено и решение да бидат собрани средства и за изградба на посебна зграда наменета за женско училиште, за што известувал и весникот *Македонија*[5]. Во меѓувреме во градот се јавиле првите незадоволници, кои јавно пропагирале против Петкова. Тие ја обвинувале за нејзиното слободно држење, носењето и пушењето тутун. Поради тоа втората година од

---

[2] „Жены-тѣ въ отношеніе на народство-то“, *Македонія*, Цариградъ, 2 декемврій 1867, брой 1, 2.

[3] ДАРМ, ПО Прилеп, фонд: Јордан Бомбол 1866-1947, 5.343.1, 97/516-519

[4] Неделя Петкова, *Спомени*, съставителство, коментар и бележки Бойко Киряков, под редакцията на Дойно Дойнов, Издателство на Отечествения Фронт, София, 1987, 19.

[5] „Дописка, Битола“, 15. II.1867, *Македонія*, Цариград, 1867, бр. 14, 3.

постоењето на женското училиште во Прилеп донела намалување на бројот на ученички. Ако во учебната 1865/66 година имало 180, сега тој број се свел на само 80 девојчиња, по што училиштето било затворено.

Повторното отворање на женско училиште во Прилеп се случило во 1870 година. Иницијативата за отворањето повторно ја презела Прилепската општина. Прилепчани ја договориле Славка (Савка) Палашева за главна учителка во женското училиште. Во учебната 1874/75 во градот пристигнала и Захарија Манасиева[6]. Оттогаш прилепското женско училиште продолжило непрекинато да работи сѐ до Првата балканска војна, 1912 година. Ова училиште било сместено во новоизградената зграда во дворот на црквата „Св. Благовештение“. До 1881 година било само основно, односно ги задоволувало потребите за учење на читање, сметање и пишување[7].

Во вакви општествени и културни околности се одвивал интелектуалниот развој на една од најпројавените македонски активистки за правата на жените во XIX век, Евгенија Јанчулева. Со својата енергичност таа успеала да му даде гласност на женското движење во Македонија како никоја пред неа. Нејзините јавни настапи, говори, учителствувањето, ангажирањето во редовите на Македонската револуционерна организација и постојаните барања за унапредување на можностите на жените во тогашното исклучително конзервативно општество, придонеле таа да стане една од првите Македонки што во одредена мера станале јавни личности.

Во оваа пригода ќе го изнесеме и податокот дека нејзиниот лик е овековечен, засега, на една единствена позната фотографија. На фотографијата Јанчулева ни се претставува како млада госпоѓа, гологлава, со потсобрана темна коса, без обетки, но со ѓердан, со светла ролка околу вратот и со белузлаво палто наметнато над нејзините рамена, прошарано со вез. Нејзиниот лик оддава впечаток на скромност, но и на извесна гордост и строгост во погледот.

Евгенија Јанчулева, со моминско презиме Ракициева, била родена во Прилеп, 1875 година. Датумот на нејзината смрт е непознат. Образованието го стекнала во родниот град и во Солунската женска гимназија, која ја завршила во учебната 1886/87 година. Првото

---

[6] Силвана Сидоровска-Чуповска, *Преродбата во Велес и Велешко од почетокот на XIX век до 1912 година,* ИНИ, Скопје, 2004, 114.

[7] ЦДИА, фонд: Българска ексархия, а.е. 11, N. 121, A II, л. 54: „Во женските училишта три пати во седмицата ќе се предава и ракоделие, шев и мали везови“.

споменување на нејзиното име на страниците на тогашниот печат успеавме да го евидентираме на страниците на весникот *Новини* во број 52, од 26 март 1893 година. Во него ја пронајдовме „Објавата" со број 60, во која се вели: „На поранешната ученичка од V клас, од учебната 1886/87 година, Евгенија Ракиџиева од г. Прилеп, се издаде препис на свидетелството, кој ќе ѝ служи наместо оригиналното свидетелство, а последното ќе се смета за невалидно." Овој препис на Евгенија ѝ послужил за да се вработи како учителка во женското училиште во родниот град. Значи, веќе во 1888 година Ракиџиева започнала да ја извршува учителската должност во Прилеп, со што започнал нејзиниот долгогодишен ангажман на полето на просветата.

Во ова време, поради зголемување на учителскиот персонал, Прилепската црковно-училишна општина свикала пошироко граѓанско собрание. На него учествувале училишните настојатели, општинарите, но и делегати на прилепските еснафи. Главното прашање се однесувало на отворањето IV клас во машкото училиште, како и сумата што требало да ја платат учениците за нивното образование. Според донесеното решение, секој ученик требал да плаќа од 1 до 5 гроша, додека девојчињата од 1 до 2 бели меџидии, во зависност од имотната состојба. Донесена била и одлука женското училиште да се вика средно училиште[8]. Во учебната 1888/89 година бил отворен и II клас. По 7 години повторно бил отворен и III клас, па на таков начин училиштето станало прогимназија.

Доаѓањето на ќерката на Димитрија Миладинов, Царевна Миладинова, во Прилеп, отворило нова перспектива за женското училиште. Нејзиното пристигнување во градот познатиот прилепски хроничар Георги Трајчев погрешно го датирал во учебната 1885/86 година, бидејќи таа дошла неколку години подоцна, во 1890 година[9]. Миладинова била поканета од Коне Самарџиев да го уреди женското класно училиште во градот. Најважниот услов бил Миладинова да остане тука најмалку една година како управителка и учителка. Тешкотијата за тргнување на пат со мали деца ја надминала со убедувањето на Самарџиев дека и нејзиниот татко Димитрија Миладинов едно време бил учител во Прилеп. Дека прилепското женско училиште било едно од најпосетените потврдува и самата Миладинова. Таа била воодушевена што во него се образувале девојчиња не само од Прилеп туку и од околните села, па дури и од Мариовско и Штипско. Во приспособувањето на новите услови многу ѝ

[8] *Прилеп и Прилепско низ историјата*, 224.
[9] Царевна Алексиева-Миладинова, *Епоха, земя и хора*, София, 1939, 141.

помогнале нејзините две поранешни ученички од Солунската гимназија, сега учителки: Пазова и Евгенија Ракиџиева.

По заминувањето на Царевна од градот, Ракиџиева била именувана за нејзин наследник на местото управителка на женските училишта, функција што ја извршувала повеќе од една деценија. Во нејзино време бројот на локални прилепски учителки што работеле во женското училиште изнесувал вкупно 47. Имало и 7 учителки што не биле прилепчанки. Најистакнатите учителки во Прилеп биле назначувани за управителки на училиштето: Захарија Мојсомирчева, Сава Алексиева, Царева Миладинова, Евгенија Ракиџиева (подоцна Јанчулева), Цветанка Сенокозлиева, Тима Мартинова, Сава Палашева итн. Должноста управител на женското училиште ја извршувале и: Владимир Црвенков, Иван Иванов и др. Некои од учителките кои оставиле поголема трага во училиштето се: Фанија Г. Трајчева, Р. Боцева, В. Гочева, Ст. Зердева, Ант. Иванова, Ташка Димева и др.

Успешното работење и раководење на Ракиџиева не останало незабележано меѓу граѓаните и во печатот. Така, за женското училиште во Прилеп честопати биле објавувани дописки во повеќе весници: *Турција*, *Македонија*, *Вести*, *Новини*, *Право* и др. Една од позначајните дописки, чиј автор е прилепскиот учител Георги Трајчев, била објавена во весникот *Новини*. Оваа дописка Трајчев ја напишал на 3 јули 1894 година во Прилеп, а била објавена во бројот 86 од 26 јули истата година. Во неа, вниманието целосно го посветил на женското училиште во градот и завршните испити. Тој ни дава прекрасна слика за тоа како изгледало завршувањето на учебната година. Годишниот акт започнал на 30 мај во 12 часот, пред многубројна публика. На настанот присуствувал и протестантскиот проповедник д-р Хаскел. Притоа, прочитан бил отчет за работата во годината што поминала: училиштето имало два класа, четири одделенија, забавиште; наставата ја посетувале 450 ученички, од кои 28 го напуштиле училиштето; на испит се јавиле 422 девојчиња, од кои 406 го положиле, а 16 не го положиле. Говор одржала и управителката Евгенија Јанчулева. По неа учениците читале стихотворби и дијалози, а на крајот имало лотарија со која се собрале парични прилози за училиштето. Голем дел од понудените ученички ракотворби (112 на број) се продале. Печалбата изнесувала 725 гроша.

Во меѓувреме, најверојатно во 1892 година, Евгенија Ракиџиева се омажила за познатиот прилепски доктор и учител Јордан Јанчулев, по што го зела неговото презиме, станувајќи Јанчулева. Јордан Јанчулев

(1867–1925), познат интелектуалец од тоа време, се школувал во Прилеп и во Солун, по што учителствувал во Банско, Тетово и во родниот град. Потпомогнат од Прилепската црковно-училишна општина, заминал во странство на доусовршување на своите медицински познавања, најпрво во Франција, а потоа како доктор работел на повеќе места во Македонија и во Бугарија.

За да ги претставиме тешките услови за активен јавен живот на Македонките, ќе го наведеме примерот токму со учителката Евгенија Јанчулева. Откако нејзиниот сопруг Јордан Јанчулев заминал во Цариград на доусовршување, според анонимниот дописник на весникот *Новини* од Солун, „таа се грижела со труд и со своите средства да му олесни на својот сопруг да ги заврши науките. Тоа е редок пример за пофалба. Извршеното од г-ѓа Јанчулева е цел подвиг и достоен за поддршка“[10].

Подоцна се вклучила во македонското револуционерно движење како курир и примајќи ги македонските револуционери на престој во својот дом. Токму затоа од членовите на Прилепската црковно-училишна општина Јанчулева е опишана како мошне „енергична“ жена[11]. Поради активностите што ги имала и во домот, но и надвор од него, и кои успешно ги завршувала, за граѓаните станала пример, модел на жена, која со „подвиг“ успешно ги решавала проблемите од секојдневјето.

Архивските извори ни ја покажуваат и активноста на Јанчулева околу развојот на просветата и финансиските средства што ги земала таа како просветен деец. Според „Прог. Бр. 32“ од 8 јули, во учебната 1897/98 година во Неделното училиште биле формирани 3 курса: долен, среден и горен[12]. Истата година бројот на учителки во градот изнесувал 14. Јанчулева била иницијатор за отворање на неделно училиште во родниот град, со цел да го описмени и возрасното население. Според Програмата број 32 од 8 јули, во учебната 1897/98 година во Неделното училиште биле формирани 3 курса: долен, среден и горен. Како учителка и како управителка, Јанчулева земала најголема плата, вкупно 60 гроша (25+35). По неа следувале учителките: Црвенкова со 40 гроша, Цветанка Сенокозлиева и Ан. Шопчева со по 25 гроша, М. Павлева и Д. Перева со по 10 гроша итн.

[10] „Дописки“, *Новини*, Цариградъ, брой 82, 25 августъ 1898, 3.
[11] ДАРМ ПО Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, 1872-1912, к.2, N.81.
[12] ДАРМ, фонд: Пелагониска митрополија, к. 1, N. 27.

Непрекинатиот ангажман на Јанчулева на полето на образованието и просветата повторно го сретнуваме на страниците на весникот *Новини* од 1898 година. Тука, во рубриката „Јавна благодарност", се наоѓа искажаната благодарност до Константин Кивкаров, кој на женското училиште во Прилеп му подарил седум книшки. Во името на училиштето се потпишале Е(вгенија) Јор(дан) Јанчулева како претседател и А(настасија) Шопова како секретар[13].

Можевме да забележиме дека нејзиното име се сретнува повеќепати во весникот *Новини*. Најчесто таа е поврзана со активизмот за подобрување на состојбата и правата на жените преку одржаните јавни настапи (говори). Евидентиравме три вакви говори во периодот од 1892 до 1894 година. Тие јасно упатуваат на нејзината педагошка активност, како и дејност за еманципација на македонските жени.

Јавните говори претставуваат неодминлив дел од склопувањето на мозаикот и градењето на целокупната слика за женската гласност во XIX век. Постојат многу малку сведоштва за словата произнесени од македонските жени, но од фондот со кој располагаме можеме да заклучиме дека тие се едни од најзначајните потврди за постоењето силен просветителски женски дух. Исто така, според формата и времето на одржување (за време на годишните испити во женските училишта или други поголеми свечености), сосема е веројатно дека биле изговорени поголем број вакви слова, од кои не останала трага. Како што наведовме погоре, единствениот говор во интегрална форма е изречен од ученичката Параскева Димкова во Битола, 1871 година. Поради тоа, можеме да бидеме сосема задоволни од пронајдените записи, кои известуваат како за говорните вештини на ораторките така и за нивната содржина.

Датиравме три нејзини одржани јавни настапи во женското училиште во Прилеп: еден во 1892, а два во 1894 година. Не се сомневаме дека Јанчулева одржала и други слова, меѓутоа тие не се евидентирани во печатот. Пронајдените белешки од говорите покажуваат дека нив ги произнесувале исклучиво учителките, по повод разни свечености, пред поширок аудиториум и со однапред подготвени тези. Говорот се изразува во моментот и е неповторлив, па затоа и неговата поента треба да биде нагласена и недвосмислена. Анализирајќи ги статиите, утврдивме дека ниту еден од говорите не бил читан, туку тие биле произнесени наизуст, но оставаме можност да биле подготвени однапред (не биле спонтани).

[13] *Новини*, број 53, од 12 мај 1898 година.

Овие говори се однесувале на одредено прашање, а говорничките со своите поенти се стремеле да ги убедат слушателите во исправноста на искажаните ставови. Ако подобро навлеземе во проучувањето на женското прашање во Македонија во овој период, ќе потврдиме дека единствено благодарение на училишните говори жените можеле да стапат на отворена сцена, пред публика и јавно да го искажат своето мислење.

Затоа, сметаме дека излегувањето на учителките пред публиката, која жедно ги впивала нивните зборови, фактички значело и прво јавно претставување на жените во општествениот живот. Говорничките можеле и ја користеле можноста да им се обратат на родителите, на чиновниците, на своите колеги и надредените, на обичните слушатели. Нивната реч концепциски зависела од манифестацијата, но тие слободно можеле да зборуваат за своите проблеми, да пофалуваат и да нагрдуваат некого, односно да влијаат врз јавното мислење.

За постигнување на своите цели, учителките, пред сè, требало да поседуваат голема храброст и енергија, аргументирано да ги презентираат своите ставови. Јасно е дека дел од мажите (односно мнозинството) гледале со потценување на нивните настапи. Исто така, јасно е и дека негодувале на некои нивни ставови. Во релативно непријателската, а истовремено, и љубопитна средина, жените морале да ја искористат секоја дадена можност јавно да проговорат, да излезат од зад кулисите. За да го привлечат и да го задржат вниманието на слушателите, тие морале да поседуваат и ораторски вештини, при што обрнувале посебно внимание на дикцијата, акцентот и на гестикулациите. Тие не смееле да бидат повлечени, што би се протолкувало како несигурност и плашливост, но не смееле да бидат и пренагласени, што би се протолкувало како нескромност и развратност. Умереноста била најважниот елемент што жените требале да ја извежбаат и да ја усовршат за да биде нивниот настап оценет како успешен. Пораките не смееле да бидат двосмислени, туку кратки и јасни, со оглед на ограниченото време за настап. Притоа, често се користеле реторски прашања, метафори и алегорија, како и инверзија. Сето тоа придонесувало за зголемување на впечатокот кај публиката. Понекогаш, благодарение на позитивните реакции на јавноста, некои од присутните (мажи) во своите бележници ги забележувале темите на кои зборувале учителките и, парафразирајќи ги, ги испраќале како информации во вид на дописки до редакциите на тогашниот печат. Нашиот интерес се однесува токму на нив.

Во првиот евидентиран говор од 1892 година, предмет на нашиот интерес, а објавен на страниците на *Новини*, стои кратката информација дека „г-ца Ракициева зборуваше за воспитувањето на женскиот пол“[14]. Веќе во следната објава во истиот весник, од 20 мај 1894 година, е потенцирано дека „г-ѓа Е. Ј. Јанчулева, управничка на женските училишта, зборуваше многу убедливо за *еманципацијата на жената* (подвлечено во оригиналот – б.м.)“. Нејзиниот говор и говорите на другите „направија многу силен впечаток кај публиката“[15]. Третата и последна евидентирана објава за одржан говор на Јанчулева е од 26 јули истата година и во истиот весник. Тогаш Јанчулева го прочитала отчетот за работата на женското училиште за изминатата година. Притоа, таа потенцирала дека женското училиште се состоело од два класа, четири одделенија и забавиште. Него го посетувале 450 ученички, од кои 28 предвреме го напуштиле училиштето. На годишниот испит се јавиле 422 ученички, од кои 406 поминале, а 16 останале во истото одделение. На крајот, „г-ѓа Евг. Јанчулева, управничка на женското училиште, кажа неколку збора *за важноста и ползата од ракотворбите, како предмет во училиштето* (подвлечено во оригиналот – б.м.)“[16].

За одбележување и, според наша оцена, еден од најзначајните пишани документи што зборуваат за развојот на женската мисла во Македонија во XIX век е извештајот што го пронајдовме во ракопис подготвен од Јанчулева[17]. Макар што ракописот е заведен како „Писмо до претседателот на Училишното настојателство за состојбите во женското училиште“, од неговата содржина може да се заклучи дека станува збор за класичен извештај, кој, како и други управителки на женските училишта, се поднесувал пред надлежните институции. Познато е дека извештаите за работата на женските училишта се дело на директорките, односно управителките на женските училишта. Во нив се зборува општо за работата на училиштата, за правилата и нормите и за побарувањата од учителките. Потоа извештаите биле проследувани до повисоките раководни тела (црковно-училишните општини или просветниот оддел на Егзархијата).

---

[14] „Св. Кириллъ и Методий въ провинцията“, *Новини*, Цариградъ, 1892, брой 39, 3.

[15] „Дописки“, *Новини*, Цариградъ, 1894, брой 67, 3.

[16] „Дописки“, *Новини*, Цариградъ, 1894, брой 86, 3.

[17] ДАРМ, ПО Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, к.1, 5.181.2.41/266 (2.41.1). л.5, „Писмо до претседателот на Училишното настојателство за состојбите во девојачкото училиште“ (18.VI.1897, Прилеп).

„Писмото", односно извештајот на Јанчулева, напишан е со сино мастило со читлив ракопис на 5 листа (10 страници). Ракописот е датиран на 18 јуни 1897 година, а потпишан е лично од управителката Јанчулева. Јазикот на текстот е јасен, концизен, напишан во прво лице еднина (јас-форма), што ни ја покажува самоуверената на Јанчулева во своето изложување пред своите надредени.

Откако на почетокот на писмото (извештајот) го навела адресантот, Јанчулева напишала: „Во согласност со окружното (писмо) од почитуваниот Училиштен оддел и решението на почитуваното Училишно настојателство, брзам да Ви ги доставам бараните информации што се однесуваат на врвежот на учебното дело во довереното училиште и мерките што треба да се преземат за негово подобрување." Во понатамошниот текст Јанчулева ги навела имињата на учителките, дала опис на работата, поведението и успехот кои ги постигнале 14 учителки од прилепското женско училиште: Пазова, Шопчева, Јочкова, Зердева, Богданова, Настева, Григорова, Перева, Китанова, Грашева, Црвенкова, Павлева, Ицева и самата Јанчулева.

Особено е интересно што како проблематични, односно предмети на кои требало да им се посвети посериозно внимание, подносителката на извештајот ги навела следниве: физика, хемија, минерологија[18]. Тие предмети, запишала таа, „колку што сум успеала да разберам", повеќе ги воделе мажите, а помалку жените. Затоа, таа препорачувала тие предмети да ги предава учителот што ги предавал истите предмети во машкото училиште, „само со услов, тој да не може да присуствува на учителските совети, а само да го предава отчетот за успехот на управителката". Го потенцираме овој податок (машко-женската паралела), бидејќи во други отчети не пронајдовме ваква компарација, така што засега овој извештај останува единствениот во кој се начнува оваа тема.

Во врска со прашањето за училишните предмети, Јанчулева барала училишни помагала за физика и хемија. Таа го запишала следново: „Сметам за излишно да зборувам, бидејќи тоа е работа на господинот управник", кој требало да обезбеди посебни кабинети за овие предмети. Имало потреба и од еден „сандак", во кој требало да се ставаат „машините" и книгите.

[18] На овие предмети обрнува внимание и учителката Екатерина Велкова од Самоков (Бугарија) во извештајот поднесен до Битолската митрополија од 15 февруари 1902 година. И во него се дадени низа податоци за учителките и нивната работоспособност. Во: ДАРМ, фонд: Пелагониска митрополија-Битола, к.2/а, 1.991.2.192/590-595, 15 февруари 1901/902 год.

Иако поведението на ученичките било добро, со оние неколку ученички со „недобро“ поведение се работело „мачно“. Поради тоа, авторката на извештајот барала „госпоѓиците предавачки“ во педагошките односи да се здобијат со најнеопходните педагошки основи за да можат да работат и да се снаоѓаат во разни ситуации. Како еден од неопходните елементи за здобивање искуство, Јанчулева ги предлагала и училишните ваканции, односно распусти (одмори). Вака подготвениот текст му бил предаден на претседателот на Училишното настојателство. Дека Општината и настојателството биле задоволни од работата на Јанчулева зборува и фактот што таа била управителка на женското училиште над една деценија, што е повеќе од сите други жени што ја извршувале управителската функција во кое било училиште во Македонија.

Од изнесеното можеме да заклучиме дека активизмот на Јанчулева за подобрување на состојбата и правата на жените придонел во нејзиниот роден град да се зголеми бројот на девојчиња што се стекнале со соодветно образование, а на нејзина иницијатива било отворено неделно училиште во кое учеле повозрасните неписмени жени. Самата таа учествувала во македонското револуционерно движење, рамноправно со своите машки колеги, давајќи пример за тоа како треба да се однесуваат жените во време што бара беспоговорни жртви. Во нејзините говори мошне убедливо зборувала за „еманципацијата на жената“ и барала еднакви услови за работа на жените и мажите. Со нејзините активности, таа своевремено станала поттик за понатамошно културно и општествено издигнување на македонската жена и пример како треба да се бранат идеалите.

## Архивски извори

ДАРМ, ПО Прилеп, фонд: Јордан Бомбол 1866-1947, 5.343.1, 97/516-519

ДАРМ, ПО Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, к.1, 5.181.2.41/266 (2.41.1). л.5, „Писмо до претседателот на Училишното настојателство за состојбите во девојачкото училиште“ (18.VI.1897, Прилеп).

ДАРМ ПО Прилеп, фонд: Црковна општина-Прилеп, 1872-1912, к.2, N.81.

ДАРМ, фонд: Пелагониска митрополија, к. 1, N. 27.

ДАРМ, фонд: Пелагониска митрополија-Битола, к.2/а, 1.991.2.192/590-595, 15 февруари 1901/902 год.

ЦДИА, фонд: Българска ексархия, а.е. 11, N. 121, А II, л. 54.

**Литература**


Алексиева-Миладинова, Царевна. 1939. *Епоха, земя и хора*. София.

„Дописка, Битола“. 1867. Македонія, бр. 14. Цариград.

„Дописки“. 1894. *Новини*, брой 67. Цариградъ.

„Дописки“. 1894. *Новини*, брой 86. Цариградъ.

„Дописки“.1898. *Новини*, брой 82. Цариградъ.

„Жены-тѣ въ отношеніе на народство-то“. 1867. *Македонія*, брой 1. Цариградъ.

Киров Мајски, Никола. 1994. *Страници од мојот живот*, Култура, Скопје.

Петкова, Неделя. 1987. *Спомени*, съставителство, коментар и бележки Бойко Киряков, под редакцията на Дойно Дойнов, Издателство на Отечествения Фронт, София.

група автори. 1971. *Прилеп и Прилепско низ историјата, книга прва*, Прилеп.

„Св. Кириллъ и Методий въ провинцията“. 1892. *Новини*, брой 39. Цариградъ.

Сидоровска-Чуповска, Силвана. 2004. *Преродбата во Велес и Велешко од почетокот на XIX век до 1912 година*, ИНИ, Скопје.

# EVGENIJA JANCHULEVA OR ON EMANCIPATION OF MACEDONIAN WOMEN IN THE $19^{TH}$ CENTURY

**Slavcho Koviloski**

## Summary

Evgenija Janculeva, born Rakidzhieva (1875, Prilep - ?), was one of the most prominent Macedonian women in the 19th century, a teacher and activist for women's rights. She is the author of a comprehensive school report and of several short articles published in the newspapers of the time. She initiated an opening of a weekly school in which elderly illiterate women were taught. She participated in the Macedonian Revolutionary Movement and fought equally as her male counterparts. In her speeches she talked about the "emancipation of women" and demanded equal work conditions for women and men. With her activities, she became a role model for the future cultural and social struggles of the Macedonian women and served as an example of how to defend one’s ideals.